Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20 година) министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА**
**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година**,** по членот 6 се додаваат два нови члена 6-а и 6-б, кои гласат:

**„Член 6-а**

За време на организирање и реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето не изготвува Програма за излетите, екскурзиите и другите вонучилишни активности.

Ако училишниот одбор има одобрено Програма за излетите, екскурзиите и другите вонучилишни активности пред стапување во сила на овој правилник, истата се става во мирување се додека траат вонредните околности од став 1 на овој член.

**Член 6-б**

За време на организирање и реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето може да планира и организира два еднодневни излети со учениците во текот на учебната година, во есен и во пролет, а истите се изведуваат во траење до пет часа, за остварување на спортско-рекреативни, воспитни и образовни цели.

Излетите од став 1 на овој член се организираат на оддалеченост до пет километри од училиштето, без користење на јавен превоз.

Излетите се организраат на ниво на одделение, но не повеќе за две паралелки во ист ден на иста локација.

При организирање на излетите се запазуваат сите протоколи и препораки согласно условите во коишто се организраат

Планот и организацијата на излетите се одобруваат од страна на Училишниот одбор“.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 12-11297/1**
**15.10 2020 година**
**Скопје**

**Министерка**
**Мила Царовска с.р**